Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 15 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 јануари 2023 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за уважување на приговор**

1. Приговорот на Бурим Зеќири од с. Џепчиште, Тетово УП2 09-267/22 од 22 декември 2022 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1303 од 30 ноември 2022 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1303 од 30 ноември 2022 и година СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. Жалителот да обезбеди согласност од сопственикот на приватната трафостаница во близина

4. Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје по исполнување на условот зададен во точка 3 од ова Решение да издаде Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Бурим Зеќири од с. Џепчиште, Тетово до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-267/22 од 22 декември 2022 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1303 од 30 ноември 2022 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување на земјиште.

Жалителот потенцира дека во близина има приватна трафостаница - сопственост на Зеќири Насер од која може да обезбеди согласност за приклучок.

Според Електродистрибуција – се работи за парцела до која нема постоечка нисконапонска мрежа а најблиска напојна точка е ТС Непроштено 5 на околу 300 метри растојание.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 10 јануари 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-267/22 од 22 декември 2022 година со прилог:
- Приговор
- Решение за одбивање на барање на согласност за приклучок

- Барање за согласност за приклучок од 24 ноември 2022 година
- Потврда за потреба од приклучок за наводнување на земјиште
- Имотен лист бр. 1291 за КП бр. 1636, КО Непроштено-вонград
- GIS скица

2. Дополнителни докази од 3 јануари 2023 година со прилог
   - GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Согласно член 93 став (2) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19 и 236/22) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно став (3) точка 2) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со којшто управува, на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот квалитет.

Согласно став (3) точка 3) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и фактот дека постои можност за реализација на уште едно броило во постоечката трафостаница која моментално има капацитет за тоа, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–267/22**
**12 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**